Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Примено: 29.12.2020

| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11/1-460/42 | | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 29.12.2020

| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 11/1 | 460 | 42 | |


# Записник од 19-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 18.12.2020 година | **Време** | 14.00 – 16:00 часот |
| **Бр. на седница** | 19-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Томе Јовановски (GDi Group - ГИС консултант) Љубен Талев, Зоран Мурџев (независни експерти), Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје), Цветанка Кузмановска (Сектор за европски интеграции), Ана Малцева (Кабинет на премиерот во Владата), Сандра Анастасовска (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од 18-та седница на НКБК одржана на 10.12.2020 година;
2. Презентација на најновиот ИКТ Систем во Агенцијата за електронски комуникации за поддршка на имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП);
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 19-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online, при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 18-та седница, одржана на 10.12.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, информира дека на седницата ќе се презентира најновиот ИКТ Систем на Агенцијата за електронски комуникации за поддршка на имплементацијата на Националниот оперативен бродбенд план (НОБП) а изработен од страна на GDi Group.

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, направи презентација на општиот и аналитичкиот дел на системот/софтверот појаснувајќи дека тој е од голема важност за имплементацијата на НОБП, а неговите можности со одреден степен на пристап и приоритизација ќе можат да го користат и други субјекти во државата. Во таа насока, користењето на големиот број на алатки и информации на ИКТ системот може да обезбеди дополнителен развој на електронските комуникации, односно ќе придонесе кон дигиталната трансформација на општеството.

Томе Јовановски од GDi Group, од своја страна опсежно ги објасни компонентите, функционалностите и можностите што ги нуди најновиот ИКТ Систем .

Во текот на презентацијата членовите на НКБК и останатите присутни на седницата покажаа голем интерес поставувајки најразлични прашања поврзани со функционалностите и практичните аспекти на ИКТ системот.

Од страна на Цветанка Кузмановска и Сашко Мукаетов беше истакната важноста од обезбедување взаемно поврзување и користење на просторните податоците од другите ИКТ системи на јавни институции (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање итн). Ова особено со НИПП геопорталот на Агенција за катастар за недвижности како и со новиот ГИС систем на ЈП МРД.

Од страна на Сања Фрковиќ Гелевска беше побарано кусо резиме за функционалностите и можностите на најновиот ИКТ систем на АЕК, што од страна на Зоран Дервишов истото беше прифатено.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ не се покренаа теми за дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов**